**20100410749**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 3 а во врска со член 2, став 2 од Законот за сметање на времето ("Службен весник на Република Македонија" бр. 17/96 и 16/97) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/05, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08 и 10/10), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.03.2010 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДЕНОТ И МОМЕНТОТ НА ВОВЕДУВАЊЕТО И ДЕНОТ И МОМЕНТОТ НА ЗАВРШУВАЊЕТО НА ЛЕТНОТО СМЕТАЊЕ НА ВРЕМЕТО ВО 2010 ГОДИНА

1. Летното сметање на времето во 2010 година започнува на 28 март во 02h 00min 00s, така што со поместување за еден час нанапред времето во 02h 00min 00s се смета како 03h 00min 00s.

2. Летното сметање на времето во 2010 година се завршува на 31 октомври во 03h 00min 00s, така што со поместувањето за еден час наназад времето во 03h 00min 00s се смета како 02h 00min 00s.

Часот кој на 31 октомври 2010 година, поради поместувањето за еден час наназад се појавува два пати помеѓу 02h 00min 00s и 03h 00min 00s се означува - првиот пат како час 2А, а вториот пат како час 2Б.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-1748/1
23 март 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски,** с.р.